Ceresit

# P 625

## 2k полиуретански лепак за паркет

**Специјален двокомпонентен полиуретански лепак за паркети, готови паркети и дрвени блокови**




### КАРАКТЕРИСТИКИ

- Без разредувачи
- Многу мала емисија
- Брзо се суши
- Голема врзувачка моќ
- Врзо врзува без оглед на дебелината на слојот

### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Специјален полиуретански лепак за паркет, ламинат и готов паркет, вклучувајќи и дрвени блокови.

### ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА

Подлогата мора да биде во согласност со стандардот ATV DIN 18365, BS 8201 и 8204 или важечки локални стандарди. Подлогите мора да бидат без структурни оштетувања, цврсти,суви и исчистени од сите супстанци кои можат да влијаат на лепењето. Детално избрусете и усисајте ја подлогата, за да се исчисти прашината и други супстанци. Пред лепење, премачкајте ја површината со премаз Ceresit R 766 и оставете да се исуши. Подлогите од асфалт бетон усисајте ги детално, за да се отстрани вишокот кварцен песок. Осетливи и мазни површини како што се керамички плочки треба детално да се исчистат и да се лепи без премаз. За да се поправат сите нерамнини користете соодветна Ceresit нивелирачка маса.

### НАЧИН НА УПОТРЕБА

Ceresit P 625 се нанесува на припремена подлога со помош на соодветна назабена шпакла. Изборот на шпаклата зависи од видот на материјалот и неговата позадина. Да се обезбеди адекватна покриеност со лепак. Да се постави подната облога во согласност со препораките на изведувачот. Ceresit P 625 се нанесува во согласност со основните услови за средината и техниката специфицирана во стандардите. Лепакот Ceresit P 625 се испорачува во комбинирана лимена канта. Компонента А се наоѓа во базата на кантата, а компонентата Б е во капакот. Да се прободе пластичниот уметок и капакот со долг штрафцигер или слична алатка. Да се пушти компонентата Б да истече во базата. Да се извади капакот и да се провери дали е испразнет. Машински добро да се промешаат овие две компоненти со соодветна лопатка. Да не се меша рачно.

Да се нанесе на припремена подлога со соодветна назабена шпакла на пр. тип Б3. Веднаш да се постави подната облога врз лепакот. Да се води сметка позадината на подната облога да биде потполно покриена со лепак, како во текот на поставувањето така и во тек на врзувањето на лепакот. За некои подни облоги може да биде потребно фиксирање со трака, со додатен тег или некое друго фиксирање. Да се обрне внимание за отвореното време за работа кое изнесува 60 мин. Кога еднаш ќе врзе, лепакот нема повеќе врзивни карактеристики.

### ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Луѓе кои се осетливи на дизоцијанит може да развијат алергиска реакција ако го користат овој производ. Луѓе со астма, екцем или кожни болести треба да избегнуваат контакт со овој производ. По потреба да се носат соодветни наочари, ракавици, заштитно одело итн. За додатни совети прочитајте релевантни табели со податоци за безбедност на производот кои се достапни на посебно барање.

Двокомпонентен полиуретански производ без разредувач . Производот е со сертификат од класа GEV EMICODE EC1. Лесно се меша и нанесува. Брзо се врзува со силна конечна врска.

## СОВЕТ ЗА ОДЛАГАЊЕ ОТПАД

Да не се испушта директно во канализација. Да се сочува производот за подоцнежна употреба, или ако е истечен рокот на употреба да се складира во согласност со локалните прописи. Да се складира празната амбалажа во согласност со локалните прописи, или каде што е можно рециклирање.

## РОК НА ТРАЕЊЕ

До 12 месеци во нормални услови.

## ПАКУВАЊЕ

Канта од 12 кг.

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 23°C и 50% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Имајте во предвид дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави, и да самиот производ подлежи на локални услови како што се количина на вода и стврднување. Производ од друго место на производство може да се разликува.

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основ на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа според Законот за одговорност за производот.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | Компонента А | Компонента Б |
|---|---|---|
| Боја: | белкава | кафена |
| Вискозност: | паста | течност |
| Специфична тежина: | околу 1.55кг/л | околу 1,2кг/л |
| Размер на смесата: | 6 | 1 |
| Потрошувачка (покривност) (назабена глетарка B3): | околу 800-1100 г/м² (0.9-1.25м²/кг) | |
| Време на сушење: | | |
| Отворено време: | нема | |
| Работно време: | околу 60 минути | |
| Можност за движење: | околу 24 часа | |
| Потполна носивост: | околу 7 дена по нанесувањето | |
| Температурна отпорност при транспорт и складирање: | 0°C до +50°C | |
| Температурна отпорност по сушењето: | макс.+50°C (погодна за употреба кај подно греење) | |